**ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОК НА УО НА КОАЛИЦИЈА СЕГА**
**одржан на 11.05.2010 година**
==========================================================

Состанокот на УО на Коалиција СЕГА, се одржа во централната канцеларија на СЕГА, на 11.05.2010 година и на него учествуваа Александар Јовановски, Љупчо Велковски, Кире Андонов, членови на УО како и Извршниот директор Зоран Илиески и Административно финансискиот менаџер Томислав Гајтаноски.

На состанокот се дискутираше по следниот дневен ред:

1. Усвојување на записник од претходниот состанок на УО;
2. Усвојување на Годишната Програма на Коалиција СЕГА за 2010
3. Усвојување на наративниот извештај за работата на Коалиција СЕГА во 2009 година;
4. Усвојување на финансискиот извештај за работата на Коалиција СЕГА во 2009 година;
5. Ревидирање на одлука за процедура за исплата на патни трошоци за активности кои ги спроведува Коалиција СЕГА
6. Усвојување на записници од попис на регионални канцеларии на СЕГА
7. Ревидирање на членство;
8. Разно.

Состанокот започна во 10.00 часот

По однос на **првата точка**, Димче Каневче го претстави записникот од претходниот состанок на УО кој беше одржан на 29.11.2009 година. Записникот беше едногласно усвоен.

Според **втората точка** од дневниот ред, Претседавачот го покани Зоран Илиески накратко да ја претстави изготвената Годишна Програма за работа на Коалиција СЕГА за 2010 година. Беше нагласено дека оваа Програма е креирана според новиот Стратешки План на Коалиција СЕГА за 2010 – 2012 година. По претставувањето на Програмата, членовите на УО немаа забелешки по однос на истата и предлогот се стави на гласање. Годишната Програма беше едногласно усвоена.

За **третата точка** од дневниот ред, Извршниот директор, Зоран Илиески, го образложи наративниот извештај за 2009 година нагласувајќи ги клучните резултати кои беа постигнати во текот на работењето на СЕГА во 2009. После презентирање на извештајот немаше прашања од страна на членовите на Управниот Одбор и истиот беше ставен на гласање. ЗА усвојување на извештајот гласаа сите присутни, со што извештајот беше едногласно усвоен.

По однос на **четвртата точка,** Претседавачот го покани Зоран Илиески накратко да го образложи финансискиот извештај. Беше презентиран балансот на приходи и расходи во 2009 година поврзан со проектното и организациското работење. Во текот на презентирањето беше напомнато дека за реализација на активностите во 2009 година биле користени 6 под-сметки, наменети за секој проект одделно. Исто така беше потенцирано дека пред крајот на 2009 година, во редовна процедура Институтот за Трајни Заедници извршил ревизија на финансиското работење на

организацијата при што е добиена позитивна оцена. Исто така Извршниот директор го извести Управниот Одбор дека еден од донаторите на СЕГА во 2009 година, Детската Фондација Песталоци, најмил надворешна независна ревизија која што прави ревизија на програмското и проектното работење. Се очекува дека финалниот извештај од ревизорот ќе биде годов при крајот на месец мај 2010 година, но неофицијално е добиена информација дека извештајот е позитивен, односно организацијата има позитивна оценка за своето работење. После дискусијата и презентацијата, Финансискиот извештај беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Според **петтата точка,** Зоран Илиески го извести Управниот Одбор дека точката на дневен ред е предложена од негова страна и дека за истата се покажала потреба од секојдневното работење на СЕГА. По оваа точка Томислав Гајтаноски образложи зошто треба да се ревидира одлуката за патни трошоци за активности кои ги спроведува СЕГА донесена на 07.08.2010 година. Тој потенцира дека главната причина за ревидирање на одлуката е интензивното зголемување на цената на чинење на гориво во Република Македонија во изминатиот период. Исто така се дискутираше за можна поделба на пресметката за исплата на патни трошоци за различните горива (дизел, безоловен и гас-плин) но беше договорено за оваа можна поделба може да се дискутира на следниот состанок откако ќе се направат детални пресметки. Откако се направија пресметки за најсоодветна цена по изминат километар, беше даден предлог цената да биде 6,00 МКД по изминат километар. Со тоа се донесе предлог за измена на одлуката на Управниот Одбор од 07.08.2009 година во делот на член 3. Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

По однос на **шестата точка**, беа разгледувани записниците од направениот попис на опремата на СЕГА во регионалните канцеларии. Според записниците беше констатирано дека канцелариите во Штип, Охрид и Тетово ја имаат целосната опрема на увид како и дека сите елементи се функционални. Во однос на податоците кои беа наведени за регионалната канцеларија Скопје 1, беше утврдено дека недостасува еден монитор, телефонски апарат/факс и еден канцелариски стол. По дискусијата беше дадена препорака на Извршниот Директор да ги контактира одговорните на организацијата која раководи со регионалната канцеларија, МЦПРК, да ја лоцираат опремата во рок од 10 дена. По истекот на тие десет дена, во рок од 5 дена беше одлучено да се направи нов попис на опремата во таа канцеларија.
Според записникот за попис на опрема во Регионалната канцеларија Скопје 2, беше утврдено дека недостасуваат канцелариски стол, 2 централни единици, 2 монитори, телефонски апарат/факс, ласерски црно-бел печатач и три конференциски столови. Според одговорните во организацијата која раководи со регионалната канцеларија, опремата е земена на чување кај членови на организацијата бидејќи се врши промена на локацијата на организацијата. Записниците беа ставени на гласање и едногласно усвоени. Во понатамошниот дел од состанокот членовите на УО дискутираа за потребата од две регионални канцеларии во Скопје. По дискусијата беше дадена препорака на Извршниот Директор да ги контактира одговорните на организацијата која раководи со регионалната канцеларија, YMCA Македонија, да ја лоцираат опремата во рок од 10 дена а по истекот на тој период во рок од 5 дена да се направи нов попис на опремата во таа канцеларија. Во однос на потребата од канцеларијата во Скопје а во согласност со нејзината моментална нефункционалност беше донесен предлог да се затвори регионалната канцеларија Скопје 2 и да се одземе опремата на СЕГА. Предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

За **седмата точка,** беа претставени апликациите за членство во СЕГА на организациите Младински Совет Форца од Гевгелија, Младинска Мултикултурна Заедница од Прилеп и Демократија од Свети Николе. Откако беа разгледани апликациите, беше даден предлог сите организации да бидат прифатени како придружни членки на СЕГА.

По однос на **осмата точка** Зоран Илиески ја образложи започнатата соработка со Европскиот Младински Форум како и тековните активности за организирање на заедничкиот настан кој треба да се организира при крајот на Мај 2010 година. Беше дискутирано дека ова е одлична можност Коалицијата да ги започне преговорите за членство во ЕМФ која е најголема платформа за младинска политика на Европско ниво. Оваа активност е во насока на основните планови на СЕГА уште од нејзиното формирање во 2004 година, па во таа насока беше констатирано дека овај процес на имплементирање на заеднички проекти со Европскиот Младински Форум би го поддржал процесот за зачленување во истиот.

Состанокот заврши во 11.00 часот.

**Прилеп**
**11.05.2010 година**

Коалиција на младински организации СЕГА

Претседател на УО
с.р. Димче Каневче